**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-116/5**

**Скопје, 08.02.2006 година**

**ДО**
**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КУМАНОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Куманово, за 2004 година кои се прикажани на страните од 21 до 23.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за ревизија на побарувањата и обврските со состојба на 30.06.2005 година на ЈЗО Медицински центар Куманово. Не е вршена ревизија, ниту сме издале извештај за финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Куманово за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - **ВД Директор, д-р Алириза Османи, од 30.04.2003 година**

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 20 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 21.11 до 16.12.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извастај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизорите оценија:

➢ *Висок ризик од нереално прикажување на финансиските извештаи на ЈЗО Медицински центар Куманово, за 2004 година ,* поради:
- нерегулирани имотно правните односи и правниот статус на земјиштето и градежните објекти и нереално утврдена вредност за евидентирање на истите,
- неутврдена планска рамка на целокупното финансирање на ЈЗО Медицински центар Куманово и рамка за регулирање на финансирањето од Министерство за здравство, за извршените услуги за хуманитарно згрижени лица,
- не е склучен договор со Фондот за здравствено осигурување за остварување на здравствената заштита, начинот на пресметување и плаќање на здравствените услуги,
- несоодветно водење на деловните книги, не користење на соодветна техника на внесување на настанатите финансиски промени и не воспоставен систем на внатрешна сметководствена контрола,
- вршени набавки над реалните потреби и лимитите утврдени од Фондот со што се зголемени обврските без да има зголемувања на здравствените услуги
- невоспоставени интерни постапки за управување со набавките и неизвршени контроли од Фондот за следење на набавките, како и на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење,
- ненавремено усогласување на обврските по набавки од Фондот и евидентирање на истите,
- непревземени мерки за наплата по редовен или судски пат на побарувања од правни и физички лица и превземање на обврски без претходно обезбедени средства, што придонесува работење со загуба во 2004 година,
- невоспоставен систем на материјална евиденција, задолжување, контрола на набавка и трошењето на залихите на лекови и медицински материјали во Болничка аптека и трошковните места.

***<u>Генерална препорака</u>***, Да се превземат мерки за обезбедување на документ за сопственост на земјиштето и градежните објекти, реално и објективно искажување на позициите во Билансот на состојба и воспостави систем за соодветно водењето на деловни книги и материјална евиденција на залихите во магацинот на Болничка аптека и трошковните местата во примарна, специјалистичко консултативна, болничка здравствена заштита и Галенска лабораторија, примена на сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите согласност законската регулатива. Воспоставување на финансирање врз основа на

плански утврдена рамка, склучување на договори со Фондот за здравствено осигурување, контрола на трошењето на средствата, споредбено со потребите и изнаоѓање на соодветни решенија за ликвидирање на заостанатите обврски и наплата на побарувањата. Реализацијата на дадените препораки и мерки треба да ја превземат законските наследници на Медицински центар Куманово, определени со Решенија број 13-10226/12 и 13-10226/13 од Министерот за здравство (член 200-ч од Законот за здравствена заштита), во согласност со Акциониот план за Фондот за здравствено осигурување.

### *10.1. Неправилна примена на акти:*

10.1.1. Медицински центар Куманово заклучно со 31.12.2004 година нема обезбедено документ за сопственост (имотен лист) за објектите во кои ги извршува примарна, специјалистичко консултативна, болничка здравствена заштита, медицинска рехабилитација и аптекарска дејност во Куманово и во амбулантите по селата како и на земјиштето од истите (освен земјиштето за комплексот Болница), иако се превзени мерки за обезбедување на документ за сопственост на дел од капиталните средства, не е обезбеден документ. Истото има влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари што ги користат државните органи, што е спротивно на Законот за сопственост и други стварни права и Законот за правата и обврските и одговорностите на органите од државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат, што има влијание на реалноста на искажаната позиција.

10.1.2. Во Извештајот од извршениот попис од 2005 година од страна на пописната комисија не е утврдена состојбата на сите побарувања и обврски, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 33 и член 6 став 3 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и има влијание на спроведување на преносот од претходната година и првото отворање на сметките на средствата, обврските и изворите на средствата.

10.1.3. Управниот одбор на Медицински центар Куманово нема донесено финансиски план за потребните средства за обезбедување на одреден обем на здравствени услуги на осигурените лица за 2004 година, што е спротивно на член 9 од Статутот, поради тоа што по доставениот предлог план со финансиски и други податоци до Фондот за здравствено осигурување нема повратно известување за планот и програмата за здравствени услуги кои ќе се финансираат од средствата на задолжителното здравствено осигурување, што е спротивно на член 68 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели.

10.1.4. Не е склучен Договор со Фондот за здравствено осигурување за уредување на видот, обемот, квалитетот и роковите за остварување на здравствената заштита, односно здравствените услуги, начинот на пресметување и плаќање на здравствените услуги, причините и условите под кои може да се раскине договорот, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на член 70 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на исплата на здравствените услуги од Фондот во паушален износ, кој не еднаков со износот на фактурираните здравствени услуги.

10.1.5. Медицински центар Куманово склучил Договор број 02-1250/2 од 28.09.2004 година со Фондот само за снабдување со лекови и за извршување на здравствените услуги за потребите на аптеките, без претходно утврдени критериуми за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги од страна на Фондот и без добиена согласност од

Министерот за здравство, што е спротивно на член 69 од Законот за здравствено осигурување. Истото влијае на правилно толкување и примена на договорот, како и на определување на износот на средствата за набавка.

10.1.6. При пресметката на плати во 2004 година не се изготвуваат обрасци МП1-Пресметка на средства за исплата на плати, поради недоследна примена на законската регулатива на истите, што е спротивно на Правилникот за начинот на утврдување на износот на средствата за исплата на плати, составување на пресметките и доставување на тие пресметки до Министерството за финансии-Управа за јавни приходи, што влијае на можноста за целосен увид на пресметката на платите, согласно утврденото право во член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија.

10.1.7. Не е изготвен акт за начинот на вреднување на залихите, како и акт за утврдување на процентот на маржата при продажба на лекови од негативна листа, поради непочитување на законската регулатива, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание на уредното сметководствено работење.

10.1.8. При увид на фактурите и сметкопотврдите за извршени угостителски услуги, ревизијата утврди одредени неправилности и тоа:

- не е изготвен акт за регулирање на правото и начинот на користење на средствата за репрезентација, поради што се создава можност за неконтролирано трошење на средствата за репрезентација, спротивно на член 18 од Статутот, што има влијание на начинот и контрола на трошење на средствата за репрезентација

- извршени се угостителски услуги (за организирање на меморијален турнир за починат вработен, за семинар „Наерт„ за светска здравствена организација) во износ од 101 илјада денари без донесена Одлука од директорот, односно управниот одбор, спротивно на член 37 од Статутот, што има влијание на ненаменско трошење на средствата за репрезентација

**Препораки:**

1. Да се превземат мерки за обезбедување на документ за сопственост (имотен лист) на земјиштето и градежните објекти согласно донесениот нов Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија” бр.8 од 07 февруари 2005 год.) со кој се регулираат овие неправилности.

2. Во Извештајот од извршениот попис од страна на пописната комисија да се утврди состојбата на сите позиции од Билансот на состојба согласно член 33 и член 6 став 3 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

3. Да се врши добро финансиско управување врз јасно утврдени буџетски цели на средствата за здравствени услуги кои ќе се финансираат од средствата за задолжителното здравствено осигурување согласно член 68 од Законот за здравствено осигурување и врз основа на тоа да се донесува финансиски план согласно член 9 од Статутот.

4. Да се склучи договор со Фондот за здравствено осигурување, согласно член 70 од Законот за здравствено осигурување, по претходно утврдени критериуми од страна на Фондот и добиена согласност од Министерот за здравство, согласно член 69 од Законот за здравствено осигурување.

5. При пресметка на платите да се изготвува образецот МП1, согласно законските прописи.

6. Да се изготви акт за начинот на вреднување на залихите, а за актот за утврдување на процентот на маржата за лековите од негативна листа, ревизијата не дава препорака, поради тоа што е извршена приватизација на работењето со аптеките.

7. Да се изготви акт за регулирање на начинот на користење на средствата за репрезентација.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

10.2.1. Медицински центар Куманово водењето на деловни книги не го врши во согласност со одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и сметководствените стандарди. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции поради:

- не вршење на хронолошка евиденција на податоците во временски редослед на нивното настанување, а регистрираните податоци во деловните книги се менуваат и дополнуваат, што го оневозможува утврдувањето на првобитно регистрираната содржина, што е спротивно на член 7 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- несоодветна евиденција на задолжителните помошни книги на влезните фактури (рокот на достасаност на плаќањето) и непостоење на книгата на излезни фактури, што е спротивно на член 8 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- не запазени начела на правилно и уредно водење на деловните книги и користење на несоодветна техника на внесување на настанатите финансиски промени, односно трансакции, што е спротивно на член 10 од Правилникот и член 11 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- не обезбеден систем на внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени со законските прописи, непостоење соодветна сметководствена документација и финансиски извештаи со целосни, вистинити и веродостојни информации, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.2.2. Не постои усогласеност на ставките искажани во Бруто билансот со билансните шеми, односно сметководствената евиденција не се врши согласно Правилникот за класификација на приходите и расходите (Службен Весник на Р.М. број 100,101/01и 45/03), што е спротивно на член 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото влијае на реално искажување на приходите и расходите.

10.2.3. При издавање на препарати од Галенска лабораторија по болнички одделенија и болничка аптека, не се врши задолжување на истите, поради погрешно воспоставена пракса на работа и не воспоставен систем на материјална евиденција, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на можноста за следење на текот на издадените препарати и контрола на нивното трошење.

10.2.4. Сметководствените промени кај лековите во аптеки, извршени помеѓу денот на попишувањето и определениот ден под кој пописот се врши, не се

внесуваат во пописните листи, ниту во сметководствената евиденција за тековната година, поради воспоставен начин на евиденција на истите во наредната година, што е спротивно на член 31 од Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание на нереално искажување на позицијата Стоки во тековната година.

10.2.5. При плаќањето на обврските по фактури од добавувачите, од страна на Фондот се раздолжуваат обврските на Медицински центар Куманово и истовремено се намалуваат побарувањата за извршени здравствени услуги од Фондот, без да биде запазено сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на реалното и објективното прикажување на билансните позиции.

**Препораки:**

1. Сметководствената евиденција да се спроведува во согласност со Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

2. Сметководствената евиденција на приходите и расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на приходите и расходите

3. При издавање на препаратите од Галенска лабораторија, да се врши соодветно задолжување на болничка аптека и одделенијата каде истите се издадени.

4. Пописот и сметководствената евиденција да се вршат во согланост со Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници

5. При евидентирање на исплатата на обврските и наплатата на побарувањата да се применува сметководственото начело на парично искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.2.6. При увид на фактурите и сметкопотврдите за извршени набавки на резервни делови за службени возила и сервисирање на истите, ревизијата утврди одредени неправилности, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, кои влијаат на уредното водење на сметководството и тоа:

- во прилог на фактурите и сметкопотврдите за сервисирање на возилата не се приложуваат работни налози за извршените услуги;
- за дел од извршените набавки и услуги за сервисирање на возилата не е обезбедена уредна сметководствена документација, односно вршени се набавки по сметкопотврди на кои не е наведен бројот, ниту датумот на истите.

10.2.7. При увид на фактурите и сметкопотврдите за извршени угостителски услуги ревизијата утврди дека не се приложени фискални сметки, а во дел од истите не може да се утврди датата на документот, лицата и поводот за извршените услуги, поради несоодветно воспоставена пракса на обезбедување документација, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, кои имаат влијание на неможноста за контрола на трошење на средствата за репрезентација.

**Препорака и мерки:**

1. Сметководствената документација да биде во согласност со законската регулатива.

### *10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите*

10.3.1. Поради погрешно евидентирање на расходите во вкупен износ од 474 илјади денари, ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Правилникот за класификација на расходите во сметковниот план за буџетските корисници и тоа:

- Позицијата Плати, наемнини и надоместоци во (ставка Придонеси од плати и персонален данок) во Билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 134 илјади денари, а за истиот износ е преценета и позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените во Билансот на состојба, поради повеќе пресметани придонеси од нето плати, за исплатени надоместоци на лекарски комисии кои се вклучени во основни плати и наемнини, спротивно на Законот за исплата на плати во РМ и Колективниот договор за здравствена дејност на Република Македонија. Истото има влијание на неосновано зголемување на расходите за придонеси од плата.

- Ставката Тековно одржување за износ од 216 илјади денари и ставката Материјали за износ од 25 илјади денари во Билансот на приходи и расходи се преценети, а за износ од 241 илјада денари е потценета ставката Купување на мебел и канцелариска опрема, поради погрешна евиденција на испарител и адаптер “Вапор 2000”-”Сево Флуран”.

- Ставката Комуникација и транспорт во билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 99 илјади денари, а за истиот износ е потценета ставката Тековно одржување, поради погрешно спроведена сметководствена евиденција за извршено сервисирање на гастроскоп, што е спротивно на Законот за сметководстсво на буџети и буџетски корисници и има влијание на реалното искажување на билансните позиции.

**Препораки:**

1. Пресметката на платата да се врши во согласност со законската регулатива

2. Сметководствената евиденција на приходите и расходите да се врши согласно Правилникот за класификација на приходите и расходите

### *10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на Постојаните средства во Билансот на состојбата и тоа:**

10.4.1. На позицијата Материјални добра и природни богатства во делот на Земјишта искажан е износ од 1.784 илјади денари, за која позиција ревизијата неможеше да се увери во основот за евидентирање, а за делот од земјиштето за кое е определена сопственоста не е утврдена и евидентирана вредноста, што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските кортисници, односно не е извршено вредносно усогласување со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои

надлежниот орган ја одредува висината на надоместокот на тоа земјиште. Истото има влијание на реалното прикажување на вредноста на материјалните средства.

10.4.2. На позицијата Материјални средства во делот на градежни објекти е искажан износ од 182.223 илјади денари, за која позиција ревизијата не можеше да се увери во основот за евидентирање, односно не располага со веродостојна документација за вложувањата за изградбата на објектите и зголемување врз основа на инвестициони активности за период до 2003 година, а при изготвувањето на годишната сметка за 2004 година не е искажана вредноста на инвестициона активност финансирана како донација од Италијанска амбасада за градежниот објект - амбуланта во с. Липково, што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските кортисници. Истото има влијание на реалното прикажување на вредноста на материјалните средства

10.4.3. На позицијата Нематеријални средства, во делот на Други нематеријални права не е искажана вредноста на софтверот за сметководствената и материјалната евиденција на Центарот, спротивно на Законот за сметководстсво на буџети и буџетски корисници, поради неупатеност во законската регулатива за евиденцијата на нематеријалните средства. Истото има влијание на реалното прикажување на вредноста на нематеријалните средства и изворите на средствата.

**Препораки:**

1. Да се изврши вредносно усогласување со пазарната вредност на земјиштето за кое постои имотен лист, според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на надоместокот на тоа земјиште.

2. Да се обезбедат документи за вложувањата за изградбата и дополнителни инвестициони активности (од сопствени средства и од донации) и да се изврши евидентирање на објектите за кои е утврдена сопственоста.

3. Да се изврши евидентирање на нематеријални средства - софтверот за сметководствената и материјалната евиденција во Билансот на состојба.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите на побарувањата во Билансот на состојба и тоа:**

10.4.4. Извршено е неосновано сторнирање на побарувањата од Фондот за здравствено осигурување за износ од 935 илјади денари во 2004 година, поради погрешно спроведена сметководствена евиденција врз основа на известувања од Фондот за здравствено осигурување и изјави за компензација склучени помеѓу Фондот, Медицински центар Куманово, ЈЗО Клинички центар и Републички завод за трансфузиологија за износ поголем од износот на евидентираната обврска на Медицински центар Куманово кон ЈЗО Клинички центар, спротивно на член 12 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на реалното искажување на побарувањата.

**Препорака:**

Сметководствената евиденција да се спроведува во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

10.4.5. Евидентирани се ненаплатени побарувања од правни и физички лица за здравствени и други услуги со староснa структура од над три години и тоа во вкупен износ од 4.502 илјади денари, за кои поради високите судски трошоци, не се преземени мерки од страна на Медицински центар Куманово, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Куманово.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на застарените побарувања од купувачи во земјата, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата извршен е отпис на истите.

10.4.6. За купопродажба на стари патнички возила од Технобавариа М-Скопје, евидентирано е ненаплатено побарување со староснa структура од над три години во износ од 556 илјади денари, а истото не е отпишано иако не постои реална можност за наплата, поради не обезбедено Решение за стечајна постапка, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото има влијание на можноста за отпис на побарувањата.

**Препорака:**

Да се обезбеди Решение за стечајна постапка за Технобавариа М-Скопје и доколку не постои можност за наплата да се изврши отпис на истото, согласно законските прописи.

10.4.7. Евидентирани се ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за формирани мобилни стручни тимови за укажување медицинска помош на граничен премин Табановце, во износ од 191 илјада денари, поради добиено известување од Министерство за здравство со кое не е утврден начинот на финансирање на Медицинскиот центар Куманово. Истото има влијание на наплата на побарувањата од Фондот и ги зголемува трошоците на центарот.

10.4.8. Евидентирани се побарувања за здравствени услуги на хуманитарно згрижени лица за период од 1999-2004 година, кои не се наплатени поради несоодветно утврдена рамка за регулирање на финансирањето на истите со Министерство за здравство. Истото има влијание на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и на целокупната финансиска состојба на Медицински центар Куманово.

**Препорака:**

За вршење непредвидени здравствени услуги да се обезбедува писмен документ со кој се регулира начинот и динамиката за финансирање на здравствените услуги.

10.4.9. Утврдена е неусогласеност на сомнителните и спорни побарувања и вредносното усогласување на побарувањата во износ од 2.357 илјади денари, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници, поради тоа што сметководствената евиденција во минати години не е спроведувана по принципот на буџетско сметководство. Истото има влијание на реалното искажување на сомнителните и спорни побарувања.

**Препорака:**

Да се утврди фактичката состојба на сомнителните и спорни побарувања и да се изврши вредносно усогласување на истите, а со оглед на тоа што општиот рок на застареност е поминат да се донесе одлука за отпис.

10.4.10. Со ревизијата на побарувања за дадени аванси кои произлегуваат од евидентираните претплати извршени од страна на Фондот за здравствено осигурување за потребите на Медицински центар Куманово констатирани се неправилности, поради не обезбедено известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за облигациони односи и влијае на зголемување на процентот на ненаплативост на побарувањата и тоа:

- Евидентирана претплата во износ од 1.179 илјади денари на ДООЕЛ Здравец од Скопје, врз основа на писмо од Фондот за исплата на обврска која Медицински центар Куманово ја нема евидентирано, поради неизвршен прием на стока од добавувачот.
- Евидентирана претплата во износ од 548 илјади денари на Кјуби АД Македонија врз основа на писмо од Фондот за исплата на обврска која Медицински центар Куманово ја нема евидентирано, односно за која нема добиено фактура.

**Препорака:**

За евидентираните претплати од страна Фондот за набавки кои се спроведени за потребите на Медицински центар Куманово, да се обезбеди известување од Фондот за преземени мерки за наплата од добавувачите.

10.4.11. Во делот на побарувањата утврдена е неусогласеност на почетната состојба со салдата од претходни години и тоа во 2004 за износ 5.013, поради несоодветно воспоставена пракса на корекција на почетните салда врз основа на известувања од Фондот за здравствено осигурување, што произлегува од ненавременото усогласување на побарувањата Фонд - Медицински центар Куманово, спротивно на члeновите 7, 9 и 21 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на реално и објективно прикажување на пренесената состојба на побарувањата во главната книга на тековната фискална година.

**Препорака:**

Пренесената состојба од претходната фискална година да не се менува и да се врши навремено усогласување на побарувањата и обврските, согласно Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите обврските во Билансот на состојба и тоа:**

10.4.12. Во текот на 2004 година превземани се обврски кон добавувачи над лимитот утврден од Фондот, а во доставениот предлог план со финансиски и други податоци до Фондот за здравствено осигурување за 2005 година не се опфатени обврските кон добавувачи од минати години и не се предвидени средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи кои на 31.12.2004 година изнесуваат 159.208 илјади денари, поради неутврдените максимални износи на трошоците со годишен буџетски документ и превземање обврски кон добавувачи без обезбедени

финансиски средства во минати години, спротивно на членовите 16, 23 и 26 од Законот за буџетите. Истото влијае на зголемување на неисплатените обврски од тој период и на реално и објективно предвидување на расходите во планот за 2005 година.

**Препорака:**

Да не се превземаат обврски над лимитите дадени од страна на ФЗОМ, а со планот на трошоци и приходи да се предвидат реалните расходи за тековната година, односно да се предвидуваат средства за исплата на заостанати обврски кон добавувачи од минати години согласно одредбите од Законот за буџети.

10.4.13. Позицијата Активни временски разграничувања во Билансот на состојба е потценета за износ од 994 илјади денари, а потценети се и позициите Краткорочни финансиски обврски за износ од 843 илјади денари и Обврски спрема државата и други институции за износ од 151 илјада денари, поради неевидентирање на преземени обврски по основ договор за дело и ангажирање лица за извршување на повремени работи за месец декември 2004 година, што е спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на реалното искажување на обврските во тековната година.

**Препорака:**

Сметководствената евиденција да се спроведува во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

10.4.14. Евидентирани се обврски спрема Завод за здравствена заштита од Куманово во вкупен износ од 12.866 илјади денари кои произлегуваат и од 2000 година, поради неизвршено меѓусебно затворање на побарувањата и обврските Фонд - Медицински центар Куманово - Завод за здравствена заштита, а дел од истите се застарени и не се отпишани, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото влијае на нереално и необјективно прикажување на обврските.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските со другите здравствени установи и расчистување на заостанатите салда за кои отпштиот рок на застареност е поминат.

10.4.15. Обврските спрема добавувачите за набавка на лекови и медицински материјали од останаторангирани понудувачи во износ од 2.781 илјади денари се нереално и необјективно прикажани, поради извршено снабдување на лекови од други понудувачи кои не биле избрани како најповолни по тендер од Фондот, без претходно утврдени интерни постапки за управување со снабдувањето на лекови согласно потебите, што е спротивно на Законот за здравствено осигурување и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на зголемување на обврските.

**Препорака:**

Да не се преземаат обврски за набавка на лекови и медицински материјали од добавувачите, без претходно утврдени интерни постапки за управување со снабдувањето на лекови, согласно потребите, а исплатата на веќе направените обврски да биде усогласена со Фондот.

10.4.16. Утврдена е неусогласеност на почетната состојба со салдата од претходни години во делот на обврските спрема добавувачите по набавки извршени од Фондот и тоа во 2004 година за износ 3.892 илјади, што произлегува од ненавременото усогласување на обврските Фонд - Медицински центар Куманово, спротивно на членовите 7 и 9 од Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влиајание на нереално и необјективно прикажување на пренесената состојба на обврските во главната книга на тековната фискална година.

**Препорака:**

Да се врши навремено усогласување на неисплатени обврски спрема добавувачите по набавки извршени од Фондот Фонд и евиденција во согласност со Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

10.4.17. Не постои усогласеност на Побарувањата за износ од 16.649 илјади денари со Пасивните временски разграничувања и на Активните временски разграничувања со Обврските за износ од 115.270 илјади денари, а произлегува од пренесената состојба од претходни години и промените во текот на 2004 година, поради примената на пресметковен начин на евидентирање и користење на упатства од Здружението на здравствените организации во Р.Македонија, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници.

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на побарувањата и обврските со Временските разграничувања и применува буџетски начин на евидентирање на побарувањата и обврските.

**Ревизијата утврди нереално и необјективно искажување на состојбите на позицијата Залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и стоки во Билансот на состојбата и тоа:**

10.4.18. Во текот на 2004 година извршени се набавки на лекови и медицински материјали (од Фондот и од Медицински центар Куманово) споредбено 2003-2004 година во износ од 39.805 илјади денари (34%) над реалните потреби и над лимитот утврден од Фондот, поради невоспоставени интерни постапки за управување со набавките и неизвршени контроли од Фондот за следење на набавките, како и на извршувањето на договорите по количини, вредност и времетраење, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на зголемување на залихите и на трошоците во идните периоди со расходување на истите, поради поминат рок на употреба.

**Препорака:**

Да се утврди износот на средствата што може да се користи за набавка на лекови и медицински материјали согласно реалните потреби и да се воспостават интерни постапки за управување со набавките, а од страна на Фондот да се воспостави контрола за следење на извршувањето на договорите склучени од негова страна.

10.4.19. Ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективноста на ставката Залихи на материјали-хуманитарна помош со салдо од 913 илјади денари, кое се однесува на лековите добиени во 2001 година во магацинот

на болничка аптека од Меѓународната проектна единица на Светска банка во соработка со Министерство за здравство на Р.Македонија, преку ИДА кредитот одобрен за реализација на Проектот за транзиција на здравствениот сектор во Р.Македонија, поради тоа што на ревизијата не и беше презентирана целокупната документација за прием по видот, количината и начинот на издавањето, како и поради невоспоставена материјална евиденција, контрола на трошењето и материјална одговорност на лицата кои ракуваат со истите, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Законот за здравствено осигурување.

**Препорака:**

Да се воспостави материјална евиденција и контрола на трошењето со материјална одговорност на лицата кои ракуваат со лековите добиени без обврска за плаќање, согласно Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Законот за здравствено осигурување.

10.4.20. Позицијата Стоки во Билансот на состојба е преценета за износ од 5.018 илјади денари, а за истиот износ е потценета позицијата Производство, поради погрешно спроведена сметководствена евиденција на набавени материјали за Галенска лабораторија кои се употребуваат за производство на препарати, а се евидентирани како стоки во продавница, спротивно на Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Истото има влијание на нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака за наодот во врска со спроведената евиденција на набавките за Галенска лабораторија, бидејќи во 2005 година е воспоставена соодветна сметководствена евиденција на истите.

10.4.21. Поради неевидентирање и погрешно евидентирање на средствата и изворите, ревизијата утврди нереално искажување на состојбите во Билансот на состојба, спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и тоа:

- Позициите Материјални средства (во делот на Опремата) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба се потценети за износ од 388 илјади денари, исплатен за набавки на иверица, лесонит и други материјали за изработка на мебел ( полици, плакари , масички и друго) за потребите на одделенијата без да се изврши попис, проценка и евидентирање на истите како основни средства.

- Не постои усогласеност на Изворите на капитални средства во делот на Државен јавен капитал за износ од 45.444 илјади денари со Материјалните средства, а произлегува од пренесената состојба во 2004 година од претходни години, поради примената на пресметковен начин на евидентирање, извршено покривање на загубите од претходни години од делот на Државен јавен капитал по Одлука на управен одбор и користење на упатства од Здружението на здравствените организации во Р.Македонија

- Не постои усогласеност на Изворите на капитални средства во делот на Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) за износ од 7.948 илјади денари со Залихи на

материјали, резервни делови и ситен инвентар, а произлегува од пренесената состојба од претходни години и промените во текот на 2004 година, поради примената на пресметковен начин на евидентирање и користење на упатства од Здружението на здравствените организации во Р.Македонија.

**Препорака:**

Да се врши евидентирање и усогласување на позициите во Билансот на состојба, согласно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетките корисници.

10.4.22. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации), не бевме во можност да се увериме дека состојбата на побарувањата е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (8%) од коминтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Куманово. Од вкупно добиените одговори, 100% не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 235илјади денари.

10.4.23. Со примена на постапките за независно усогласување (конфирмации), не бевме во можност да се увериме дека состојбата на обврските е реално и објективно прикажана. Добиените одговори (35%) од коминтентите не ни дадоа доволен доказ кој ќе ни помогне во уверувањето за реалноста на искажаните состојби во сметководствените евиденции на Медицински центар Куманово. Од вкупно добиените одговори, 50% не се усогласени, односно постои неусогласеност за износ од 25.067 илјади денари.

**Препорака:**

Да се врши усогласување

### *10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

10.5.1. За извршените набавки на лекови и потрошен материјал од Фонд-позитивна листа и од МЦ Куманово - негативна листа во магацинот на болничка аптека не се изготвува документ за прием, не се задолжува одговорното лице по видови и количини и не се изготвува документ за издавање на истите, поради не воспоставен систем на материјална евиденција и контрола на трошењето на залихите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за здравствено осигурување. Истото влијае на соодветното и навременото утврдување на потребата од набавки по одделни видови лекови и потрошен материјал, согласно потребите на пациентите, вршење набавки над реалните потреби како и на наменско и законско трошење на истите.

10.5.2. На крајот на годината по извршеното финансиско порамнување на книговодствената состојбата на залихите на лековите и потрошниот материјал со пописот сторнирани се извештаите од болничка аптека во износ од 153 илјади денари, поради нереално искажани трошења од страна трошковните места - одделенијата и абулантите, што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за здравствено осигурување. Невоспоставениот систем на задолжување и контрола на трошењето на лековите и потрошниот материјал на трошковните места има влијание на наменското користење на истите.

10.5.3. Во текот на 2004 година зголемени се трошоците по извршено расходување на потрошен материјал, инструментариум и на ампули набавени од Здравец

во износ од 1.873 илјади денари, а произлегува од претходни периоди, поради извршена испорака од страна на Фондот, без барање од аптеката за таква набавка и неизвршена контрола за потребата од извршената набавка, како и можност за трошење на истите кај други здравствени установи, што е спротивно на член 71 од Законот за здравствено осигурување. Истото има влијание на наменското и економичното користење на средствата.

10.5.4. Од ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во вкупен износ од 12.525 илјади денари за извршување на повремени работи од лица ангажирани без договор, како и лица ангажирани по договор за дело, на работни места кои согласно Правилникот за систематизација на работни места се пополнети, а за кои не е побарана согласност за вработување од Министерството за финансии, спротивно на Законот за извршување на буџетот и Законот за работни односи. Истото има влијание на законската исплата на средства.

10.5.5. Евидентирани се побарувања без склучен договор за регулирање на правата и обврските, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на Законот за облигациони односи. Истото влијае на наплата на побарувањата од:

- Министерство за одбрана во износ од 209 илјади денари за извршени услуги за преглед на регрути од општина Куманово;

- Републички завод за трансфузиологија во износ од 459 илјади денари за извршени здравствени услуги.
- Тутунски комбинат Куманово за извршени здравствени услуги за вработени, во износ од 1.819 илјади денари.

10.5.6. За вршење на оџачарски услуги на котлите за парно греење ангажиран е добавувачот Оџаци од Скопје и исплатено со писмо од Фондот во износ од 724 илјади денари, за кои Медицински центар Куманово веќе има спроведено постапка за јавна набавка за сервисирање на целокупниот систем на парно греење и претходна припрема за почнување на грејната сезона, што влијае на зголемување на обврските над реалните потреби.

10.5.7. Во текот на 2004 година изведени се градежни и градежно-занаетчиски работи на дел од амбуланта во с. Липково од страна на “АРС ПРОЕКТ” ДОО Куманово во износ од 3.019 илјади денари, без да се изврши разграничување на извршените градежни работи од инвестициона активност финансирана како донација од Италијанска амбасада, поради ненавремено ангажирање на надзор за утврдување на претходно извршените изведби, што е спротивно на Законот за изградба на инвестициони објекти. Истото има влијание на реалното прикажување на вредноста на материјалните средства.

10.5.8. За поправка на мебел исплатен е износ од 857 илјади денари и тоа за набавки на мебел штоф, скај и други потребни материјали како и за исплата на услугата за поправка на мебел, поради погрешно воспоставената пракса за набавка на стоки кои не се потребни за вршење на дејноста и издавањето на материјалите од магацин, без да се изготви извештај за завршената работа, кој материјали и во која количина се употребени за поправка, истото е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Организационата поставеност на Центарот. Истото влијае на наменското и законското користење на средствата.

**Препораки:**

1. Да се воспостави материјална евиденција и систем на контрола за следење на залихите и потребите од нови набавки на лекови и медицински материјали во магацинот на болничка аптека и трошковните места во примарна, специјалистичко консултативна, болничка здравствена заштита, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Законот за здравствено осигурување.

2. Да се врши редовна интерна контрола и контрола на трошење на залихите од страна на Фондот и согледа можноста за трошење на истите кај други здравствени установи за да се запази наменското и економичното користење на средствата, согласно член 71 од Законот за здравствено осигурување.

3. Ангажирањето на работници да се врши согласно позитивната законска регулатива.

4. Да се склучуваат договори за извршените услуги согласно законската регулатива.

5. Да не се создаваат обврски од страна на Фондот за услуги за кои веќе е спроведена постапка за јавна набавка.

6. Ангажирање на надзор за инвестициони активности да се врши навремено, согласно Законот за изградба на инвестициони објекти.

7. Да не се вршат набавки и преземаат активности кои не се потребни за вршење на дејноста, согласно на Законот за здравствено осигурување, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Организационата поставеност на центарот.

### *10.6. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

10.6.1. Не е склучен договор за извршување на групна набавка со Фондот од името на група набавувачи (јавните здравствени установи) кои имаат потреба од ист вид на набавка, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 13 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на контролата за следење на извршување на договорите склучени помеѓу Фондот и добавувачите по количини, вредност и времетраење, како и начинот на вршење на нарачките. Истото има влијание на зголемување на обврските над реалните потреби.

**Препорака:**

Групните набавки да се извршуваат по претходно склучен договор за извршување на групна набавка, во кој децидно ќе биде регулирана организацијата на набавките и меѓусебните односи на Фондот и јавните здравствени установи, а Фондот да воспостави контрола на договорите и нарачките.

10.6.2. Во текот на 2004 година спроведени се повеќе постапки за јавни набавки во вкупен износ од 3.272 илјади денари, при што извршено е делење за еден ист вид на потреба, поради неправилно толкување на Законот за јавни набавки, спротивно на член 2 (“Службен весник на Република Македонија” бр.21 од 27 март 2002 год.) и член 9 (“Службен весник на Република Македонија” бр:19 /30.03.2004 год.) од Законот за јавни набавки прикажани во Прегледот број 1.

10.6.3. Во текот на 2004 година спроведени се постапки за набавка со непосредно спогодување во вкупен износ од 570 илјади денари, при што не се обезбедени понуди од најмалку три понудувачи, што е спротивно на член 48 од Законот за јавни набавки (“Службен весник на Република Македонија” бр.21 од 27 март 2002 год.) прикажани во Прегледот број 2.

10.6.4. Извршени се набавки без спроведени постапки за јавна набавка, а по договори од минати години, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки, прикажани во Преглед број 3.

10.6.5. Исплатен е износ од 341 илјада денари на Дака сервис Куманово за месечно сервисирање на лифтови и на Ало Мак износ од 84 илјади денари за паушално месечно одржување на телефонска централа без постапка за јавна набавка, поради примена на договорите од 2001 година склучени на неопределено време, што е во спротивност со Законот извршување на буџетот и Законот за јавни набавки.

10.6.6. Во текот на годината вршени се набавки за иста потреба од еден ист добавувач, поради неправилно толкување на Законот за јавни набавки што е спротивно на член 49 на Законот за јавни набавки и тоа :

- Спроведени се две одделни постапки за набавка на два апарати ХУМАМЕТАР Хб Аналзер и набавени од “БИОТЕК” ДОО Скопје по Договор бр. 02-221/3 од 06.02.2004 година во износ од 110 илјади денари и по Договор бр. 02-375/3 од 03.03.2004 година во износ од 110 илјади денари.

- Вршени се набавки на ситен инвентар во износ од 99 илјади денари и електро материјали во износ од 56 илјади денари од ЛИ-ПОП Куманово,

- Монтирање на клима испатено од благајна по сметкопотврда во износ од 31 илјада денари ( по 6 илјади денари за монтажа на 1 климатизер) на ЛИ-ПОП од Куманово.

10.6.7. Извршени се набавки во поголем износ од спроведената постапка за јавна набавка и тоа за набавка на:

- електо материјали и ситен инвентар од ЛИ-ПОП Лидија ДОЕЛ од Куманово, исплатен е износ од 137 илјади денари;
- климатизери Д.Б.Д.Куманово, исплатен е износ од 407 илјади и
- набавка на 2 апарата за ЕКГ од Иномед, исплатен е износ од 56 илјади денари.

10.6.8. Извршени се набавки без постапка за јавна набавка, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа на:

- опрема и потрошен материјал за стоматологија од Натуралија од Скопје во износ од 2.278 илјади денари, Промедика од Скопје, во износ од 455 илјади денари и Веста Дрогерија од Скопје, во износ од 148 илјади денари;
- земјоделски производи од Јагода од Куманово, во износ 1.716 илјади денари;
- ситен инвентар за ренген од Реплек од Скопје, во износ од 39 илјади денари;
- Набавка на акумулатор од Илирија Зекија ДООЕЛ од Куманово, во износ од 53 илјади денари;

- компјутери и принтери од Елакс од Куманово, за аптека при болница, школска аптека и за лабараторија во износ од 91 илјади денари за администрација во износ од 260 илјади денари;
- мобилни телефони од Мобимак, во износ од 25 илјади денари;
- набавка на принтер од Елакс од Куманово, во износ од 72 илјади денари;
- опрема за очно од Иномед од Скопје, во износ од 139 илјади денари;
- микроскоп од Авицена од Скопје, во износ од 60 илјади денари;
- држач за електроди од Нет Електроникс од Скопје, во износ од 106 илјади денари
- надворешни гуми од Танивал од Куманово во износ од 178 илјади денари
- резервни делови од Скендер од Куманово, во износ од 433 илјади денари
- резервни делови од Авто Велиновски-Куманово, во износ од 69 илјади денари;
- резервни делови од Игел-Куманово во износ од 123 илјади денари;
- резервни делови од Трготим-Куманово во износ од 116 илјади денари

10.6.9. Од страна на РЕ Трансфузија и РЕ Лабараторија вршени се нарачки за набавки директно од добавувачите, поради погрешно воспоставената пракса и непочитување на Законот за јавни набавки за вршење набавки врз основа барања за потребните видови и количини на лекарства и порошен материјал (серуми, реагенси и тестови за крвни групи за Трансфузија и раствори и потрошен материјал за Биохемиска лабараторија) одобрени од директорот без да биде спроведена постапка за јавна набавка. За таа цел за потребите на Трансфузија во текот на 2004 година извршени се набавки во износ од 1.878 илјади денари од повеќе добавувачи Авицена, Биотек и Плива и за потребите на Биохемиска лабараторија во текот на 2004 година извршени се набавки во износ од 60 илјади денари од повеќе добавувачи од Авицена, Биотек и Веста Дрогерија, Урбан Мед и Инфо Фарм.

10.6.10. Без постапка за јавна набавка извршени се набавки на штоф, скај и друг потребен материјал за поправка на мебел од Мегатрон и Центропром во вкупен износ од 729 илјади денари и исплатено за услуга - поправка на мебелот на АРС Вивенди износ 128 илјади денари (по сметкопотврда исплатено по каса исплати од благајна).

10.6.11. Медицински центар – Куманово извршил набавка на лекови од добавувачите без спроведена постапка за јавна набавка, поради погрешно толкување на Договорот број 02-1250/2 од 28.09.2004 година за снабдување на лекови од други (останаторангирани) понудувачи на регистрирани лекови, склучил договори со добавувачите, спротивно на Законот за јавни набавки. Истото има влијание на зголемување на обврските спрема добавувачите во износ од 2.781 илјади денари.

Неспроведувањата на постапки за јавни набавки како и несоодветно спроведените постапки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреба, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препораки и мерки:**

1. Набавките да се вршат согласно Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради значајноста на наодите изнесени во точките 10.1 до 10.4 финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската положба на ЈЗО Медицински центар Куманово на ден 31 Декември 2004 и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применетата законска регулатива која важи во Република Македонија.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 до 10.6 кај ЈЗО Медицински центар Куманово не е остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Медицински центар Куманово во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

*13.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

13.1.1. Позицијата Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) во Билансот на состојба е потценета за износ од 1.482 илјада денари, а за истиот износ е преценета позицијата Материјали на залиха, поради погрешна сметководствена евиденција на залихите на лекови и потрошен материјал во магацинот на болничка аптека .

13.1.2. Ставката Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност) во Билансот на состојба е потценета за износ од 2.940 илјада денари, а за истиот износ е потценета ставката Државен-јавен капитал, поради погрешна евиденција на расходи и вишоци по попис на материјали, резервни делови, ситен инвентар.

13.1.3. Позициите Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства за износ од 50 илјади денари и Други средства за износ од 1 илјада денари во Билансот на состојба се преценети, а за износ од 51 илјада денари е преценета позицијата Извори на средства, поради усогласување на изворите со долгорочно вложените средства.

13.1.4. Позициите Материјални средства и Активни временски разграничувања во Билансот на состојба се преценети за износ од 453 илјади денари, а за истиот износ се потценети и ставките Државен-јавен капитал и Краткорочни обврски спрема добавувачи, поради погрешна евиденција на двапати евидентирано зголемување на вредноста на градежните објекти по фактури од Техно бау, Шмеки, Дрен, Бајдевски за бетонирање на тротоари.

14. Во текот на 2005 година согласно Акциониот план, од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за регулирање на договорните односи со здравствените установи и утврдување на максималните лимити на расходите на јавните здравствени установи во соработка со Министерството за финансии и Министерството за здравство, изработен е акт за Процедурите за подготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и за буџетите на јавните здравствени установи за 2005, 2006 и 2007 година и се превземаат мерки за воспоставување систем на договорно финансирање кој ќе се применува од страна на правните следбеници на ЈЗО Медицински центар Куманово.

15. Судски спорови чие решавање зависи од идни настани кои можат да влијаат врз финансиските извештаи:

- Судски спорови во кои Медицински центар Куманово се јавува во својство на тужител по предлог за извршување за ненаплатени побарувања и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа со:
  - Автопромет-СК доо - Скопје по ПС бр.176/02 од 15.03.2005 година, во износ од 51 илјада денари, поради ненаплатено побарување од продажба на моторни возила и резервни делови;

- ДПТУ „АС -2001-ИРЕНА„ дооел – Куманово по предлог за извршување од 27.09.2005 година, во износ од 322 илјади денари со камата, поради ненаплатено побарување од закупнина за деловен простор.

▪ Пријави на побарувања за извршени здравствени услуги за наплата од стечајна маса во кои Медицински центар Куманово се јавува во улога на доверител и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа од:
  - ДПТУ Конфекција дооел КПК „Куманово, во износ од 60 илјади денари и од ДПТУ Кожара дооел КПК „Куманово„ во износ од 43 илјади денари, од кои прифатени се 38 илјади денари;
  - Југ-Турист-Куманово, во износ од 146 илјади денари
  - ЧИК ад увоз-извоз-Куманово, во износ од 490 илјади денари, од кои прифатени се 205 илјади денари.
  - АД Искра-инженеринг-Куманово, во износ од 5.271 илјада денари.
  - АД Киро Фетак-Куманово, во износ од 4.263 илјади денари за наплата на главен долг и камата, а според сметководствената евиденција состојбата на 30.06.2005 година е 186 илјади денари.

▪ Судски спорови во кои Медицински центар Куманово се јавува во својство на тужен по предлог за извршување поради неисплатени обврски на правни лица по фактури и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа со:
  - Зегин ДООЕЛ од Скопје на износ од 1.616 илјади денари,
  - Варус Злата ДООЕЛ од Скопје на износ од 315 илјади денари,
  - ИКС МИЛЕДИ ДООЕЛ од Куманово на износ од 1.037 илјади денари
  - Домаќинка ДООЕЛ од Куманово на износ од 179 илјади денари
  - Македонија лек ДООЕЛ од Скопје на износ од 326 илјади денари
  - Фармахем Јосиф ДООЕЛ од Скопје на износ од 206 илјади денари

▪ Судски спорови во кои Медицински центар Куманово се јавува во својство на тужен од работници и истото ќе има влијание на финансиските извештаи и тоа со:
  - Благоја Лазаревски по предлог за извршување, поради престанок на работен однос на износ од 1.003 илјади денари
  - Цветанка Трајковска по првостепена пресуда, поради штета на износ од 256 илјади денари
  - Никос Валиокис по првостепена пресуда, поради разлика во плата на износ од 33 илјади денари.

**Скопје, 07.02.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Владимир Милојевиќ**

## МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КУМАНОВО
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.3. | 26,598 | 20,426 |
| Капитални приходи | 3.4. | 408 | 124 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 421,124 | 439,973 |
| **Вкупно приходи** | | **448,130** | **460,523** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 241,709 | 263,944 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 232,265 | 192,251 |
| Каматни плаќања | 3.1.3. | 1,000 | 521 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **474,974** | **456,716** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 4,659 | 2,828 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 4,659 | **2,828** |
| **Вкупно расходи** | | **479,633** | **459,544** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **(31,503)** | **979** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | 4.7.5. | - | 137 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | 4.3 | (31,503) | 842 |

*Образложенијата дадени од страната 24 до страната 38 се составен дел на овој извештај*

## МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КУМАНОВО
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.4.5 | 5 | 5,245 |
| Побарувања | 4.4.6. | 94,967 | 56,141 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.4.7. | 1,726 | 1,399 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 4.4.8. | 214 | 93 |
| Побарувања од вработените | 4.4.9. | 1,564 | 101 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.4.10. | 0 | 299 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.4.11. | 200 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.4.12. | 62,157 | 27,516 |
| Залихи | 4.4.13. | 36,626 | 36,831 |
| **Вкупно тековни средства** | | **197,459** | **127,625** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.1.1. | 1,784 | 1,784 |
| Материјални средства | 4.1.2. | 154,294 | 162,375 |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.3. | 547 | 453 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.1.4. | 4,362 | 4,412 |
| **Вкупно постојани средства** | | **160,987** | **169,024** |
| **Други средства** | 4.2. | 0 | 1 |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 4.3. | 31,503 | 0 |
| **Вкупна актива** | | **389,949** | **296,650** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 126,137 | 143,440 |
| Ревалоризациона резерва | | 0 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **126,137** | **143,440** |
| **Долгорочни обврски** | 4.6. | 0 | 39 |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.7.1. | 158,755 | 100,087 |
| Примени аванси, депозити и кауции | | 0 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.7.2. | 0 | 1 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.7.3. | 435 | 298 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.7.4. | 264 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.7.5. | 0 | 137 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.7.6. | 17,973 | 8,368 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.7.7. | 82,023 | 39,897 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **259,450** | **148,788** |
| **Извори на други средства** | 4.8. | 4,362 | 4,383 |
| **Вкупна пасива** | | **389,949** | **296,650** |

*Образложенијата дадени од страната 24 до страната 38 се составен дел на овој извештај*

**МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР КУМАНОВО**

**ПРЕГЛЕД**

***НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА***

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **119,168** | **24,272** | **143,440** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **10,173** | **152,403** | **162,576** |
| Набавки | 9,753 | 118,378 | **128,131** |
| Задолжување на другите аптеки и одделенија за лекарства од болничка аптека | - | 29,656 | **29,656** |
| Преотстапени постојани средства | 548 | - | **548** |
| Пренос од средства во подготовка | 1,106 | - | **1,106** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | (1,234) | 2,725 | **1,491** |
| Вишок по попис | | 1,644 | **1,644** |
| **Намалување по основ на:** | **18,151** | **161,728** | **179,879** |
| Отпис на капитални средства | - | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | 16,884 | - | **16,884** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | (3,719) | 4,172 | **453** |
| Отуѓување на постојани средства | 945 | - | **945** |
| Преотстапени постојани средства, | (522) | - | **(522)** |
| Издадени канцелариски материјал и резервни делови од магацин | - | 369 | **369** |
| Издадени лекови и медицински материјали од болничка аптека во другите аптеки и одделенија | - | 155,025 | **155,025** |
| Расход по попис | 4,563 | 2,162 | **6,725** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **111,190** | **14,947** | **126,137** |

*Образложенијата дадени од страната 24 до страната 38 се составен дел на овој извештај*